20260350590

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 36 став (5) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 10 февруари 2026 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ ЗА СНАБДУВАЊЕ СО ГАС ВО ДОМАЌИНСТВАТА ЗА 2026 ГОДИНА

I

Со оваа програма се утврдува начинот на распределбата на средствата од Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.253/25), раздел 10101 - Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини, Потпрограма 3Д – Гасификација, Ставка 464 – Разни трансфери, за поттикнување за снабдување со гас во домаќинствата за 2026 година.

II

Средствата од дел I од оваа програма во вкупен износ од 3.000.000,00 денари ќе се користат за надоместување на дел од трошоците за изведба на приклучок на системот за дистрибуција на гас во Република Северна Македонија или за набавка на котел на гас на извршен приклучок на системот за дистрибуција на гас во Република Северна Македонија до 70%, но не повеќе од 30.000,00 денари по домаќинство за 2026 година.

III

Средствата од дел II од оваа програма ќе се користат за домаќинствата за изведба на приклучок на системот за дистрибуција на гас во Република Северна Македонија или за набавка на котел на гас на извршен приклучок на системот за дистрибуција на гас во Република Северна Македонија, по пополнето барање и исполнетост на условите наведени во јавниот оглас.

Барањето за надоместок на дел од трошоците од дел II од оваа програма се доставува на пополнет образец за барање кој може да се подигне во архивата на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини (во натамошниот текст: Министерството) или да се обезбеди преку веб - страницата на Министерството: www.energy.gov.mk.

Со барањето за надоместок на дел од трошоците од дел II од оваа програма се доставува и потребната документација со која се докажува исполнетоста на условите за надоместување на дел од трошоците согласно оваа програма, наведени во јавниот оглас и тоа:

- потврда издадена од страна на операторот на системот за дистрибуција на гас дека е завршена изградбата на куќниот гасен приклучок кај домаќинството во 2026 година, со цена на чинење на самиот приклучок на системот за дистрибуција на гас или
- соодветен доказ дека се целосно намирени трошоците за набавка на котел на гас на извршен приклучок на системот за дистрибуција на гас во Република Северна Македонија (фискална сметка во оригинал или фактура со извод од деловна банка) во 2026 година, како и потврда издадена од страна на операторот на системот за дистрибуција на гас дека изградбата на куќниот гасен приклучок кај набавувачот на котелот на гас е завршена пред 1 јануари 2026 година.

Корисници на средствата од дел II од оваа програма се домаќинствата во Република Северна Македонија, при што само едно лице од секое домаќинство може да поднесе само едно барање за добивање на надоместокот на дел од трошоците за изведба на приклучок на системот за дистрибуција на гас или за набавка на котел на гас на извршен приклучок на системот за дистрибуција на гас во Република Северна Македонија.

IV

За реализација на мерките од дел II од оваа програма ќе се преземат следните активности:

а) Министерството распишува јавен оглас на веб страницата на Министерството www.energy.gov.mk во времетраење до 30 јуни 2026 година. Во случај на недоволен број поднесени барања за мерките од дел II од оваа програма, Министерството може да го продолжи времетраењето на јавниот оглас;

б) За спроведување на активностите за реализација на мерките од дел II од оваа програма, министерот за енергетика, рударство и минерални суровини (во натамошниот текст: министерот) формира комисија од три члена и нивни заменици од редот на вработените во Министерството;

в) Комисијата од точка б) на овој став ги разгледува пристигнатите барања заедно со потребната документација, заклучно со последниот ден наведен во јавниот оглас, го утврдува точниот број на пристигнати уредни и комплетни барања, според принципот „прв дојден, прв услужен” и ја утврдува исполнетоста на условите за надоместување на дел од трошоците согласно оваа програма, наведени во јавниот оглас и

г) За барателите кои ги исполнуваат условите од јавниот оглас и имаат поднесено уредна и комплетна документација, Комисијата му предлага на министерот донесување на решение за исплата на утврдениот надоместок. Списокот на баратели кои се стекнале со надоместок согласно оваа програма, се објавува на веб страницата на Министерството.

Министерството врши проверка на документацијата која ја поседува операторот на системот за дистрибуција на гас за домаќинствата кои поднеле барање за исплата на надоместок за мерките согласно оваа програма.

Лицата кои имаат поднесено барање, а немаат уредна и комплетна документација не може да остварат надоместок.

Исплатата на средствата за надоместување на дел од трошоците за мерките од дел II од оваа програма ќе се врши врз основа на донесено решение од министерот, се до искористување на предвидените средства во Буџетот на Република Северна Македонија за оваа намена.

V

Министерството, најдоцна до 31 јануари 2027 година, ќе достави извештај до Владата на Република Северна Македонија со финансиски показатели за реализација на оваа програма, во кој ќе бидат опфатени постигнатите резултати, како и образложение за евентуални отстапувања од планираните активности.

VI

Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 57-1262/11
10 февруари 2026 година
Скопје

Претседател на комисија и
заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.